УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО

# ТРАЈЧЕ ЈАНЧЕВСКИ

21-IX-8-X-1984

*ТРАЈЧЕ ЈАНЧЕВСКИ, Академски сликар*

*Роден 1928 во Куманово. Средно Ходужествено училиште завршил во Скопје. а Академија за применета уметност 1954 година во Белград. Член на групата „КУМАНОВЦИ“ од 1956 и нејзин прв Претседател. Член е на ДЛУК од неговото формирање, на ДЛУМ од 1958 год. Вработен е во Драмскиот театар во Скопје како Сценограф.*

*Студиски престои имал во Италија, Франција, Грција, Швајцарија и Турција.*

*Организирал 10 самостојни изложби и учествувал на повеќе од 50 колективни изложби во нашата земја и странство.*

*Добитник е на повеќе Југословенски и меѓународни признанија и награди за сликарство и сценографија.*

*Живее и работи во Скопје, ул. Булевар „Партизански Одреди“ 91/I тел.: 258-637.*

*Кон средината на педесеттите години, во време на преломните и отсутни мигови за натамошната иднина на современата македонска ликовна уметност, обременета со идејните постулати на соцреализмот, во ликовниот живот кај нас се вклучуваат млади ликовни уметници, кои тукушто го завршиле своето образование на ликовните академии во земјата. Во контекстот на општите раздвижувања во ликовната уметност во Југославија, секој од нив ќе тргне по врвиците на сопствените индивидуални истражувања и интерпретации на темите и митовите за кои тие и емотивно биле мотивирани. Сликарот Трајче Јанчевски, што и припаѓа на оваа генерација уметници, низ постојаноста и присутноста во уметничкиот живот, низ настојувањата за создавање на свој автохтон ликовен израз, го дава својот придонес во севкупниот подем на ликовната уметност во Македонија по Ослободувањет. Трпеливо, ослободен од ангажманите и влијанијата од задачите на работното место, израснува во личност на сликар со препознатлив ракопис, негувајќи уметност со еден вид посебни белези. Тоа недвосмислено го потврдува хронологијата на неговиот уметнички развиток. Од неговиот прв јавен настап во 1957 година па до денес ,по 30 години уметничко дејствување, тој е во постојано барање на „свои“ оргинални патишта во симболичниот и фантастичен свет“. Денес неговото сликарско творење што ја изразува зрелоста на уметникот Трајче Јаначевски, неговото вообличено уметничко формирање. Скромен, работлив и настојчив во утврдувањето на своето ликовно кредо, тој создава творби проникнати со внатрешни чувства, блиски до човекот — до љубителите на ликовната уметност . . .*

*Антоние Николовски*

## СЛИКИ:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | МОТИВ ОД ОХРИД | 66x 46 см. 1954 |
| 2. | МОТИВ ОД НЕРЕЗИ | 66x 46 см. 1955 |
| 3. | ИГРА | 75x 56 см. 1956 |
| 4. | СЕЛАНЕЦ | 90x130 см. 1957 |
| 5. | ПРЕДГРАДИЕ | 115x118 см. 1958 |
| 6. | ДРУЖБА | 55x122 см. 1960 |
| 7. | ДВЕ ПТИЦИ | 100x 45 см. 1963 |
| 8. | АКТ | 57x 74 см. 1966 |
| 9. | ФИГУРИ I | 122x112 см. 1968 |
| 10. | ШИШЕ СО ЛИСТ | 80x 66 см. 1969 |
| 11. | МРТВА ПРИРОДА | 100x 80 см. 1970 |
| 12. | СТРУМИЧКИ ПЛОДОВИ | 52x 65 см. 1970 |
| 13. | ЦРВЕНОТО СЕДЛО | 80x 45 см. 1970 |
| 14. | ТОРЗО ГИТАРА | 90x 47 см. 1970 |
| 15. | КОМПОЗИЦИЈА | 130x144 см. 1971 |
| 16. | КОМПОЗИЦИЈА II | 92x118 см. 1971 |
| 17. | ИКАР II | 57x 80 см. 1971 |
| 18. | ВОЛОВСКИ ЧЕРЕП | 74x 87 см. 1975 |
| 19. | МАГИЧНИ ПРОЗОРЦИ | 95x125 см. 1976 |
| 20. | МАГИЧНИ ПЛОДОВИ | 100x 80 см. 1977 |
| 21. | МАГИЧНА ТРПЕЗА | 100x120 см. 1977 |
| 22. | ИМАГИНАРНА КОМПОЗИЦИЈА | 60x 59 см. 1978 |
| 23. | ЦРВЕНО СЕМЕ | 60x 58 см. 1979 |
| 24. | МАГИЧНИ РАСТЕНИЈА | 80x 85 см. 1980 |
| 25. | МРТВА ПРИРОДА | 100x 80 см. 1983 |
| 26. | ИМАГИНАРНИ РАСТЕНИЈА III | 100x 70 см. 1984 |
| 27. | ТРОФЕИ ВО ВЕРТИКАЛА | 95x 40 см. 1984 |
| 28. | ИНСЕКТИ | 100x 80 см. 1984 |
| 29. | МАГИЧНИ ПРЕДМЕТИ | 37x 42 см. 1984 |
| 30. | ТРНЛИВО ЦВЕКЕ | 37x 42 см. 1984 |
| 31. | КВАДРАТНА ЕКСПРЕСИЈА | 120x120 см. 1984 |
| 32. | АСИЈАТИВЕН ПЛОД | 100x110 см. 1984 |